20-04-2021

03 9635/1

[redacted]

**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Саветка Георгиева**
**именуван за подрачјето на**

**Струмица и Радовиш**
**ул. Ленинова ГТЦ бр.14/1-13**
**тел.034/329-480**

**Образец бр.29**

[redacted]

**И.бр.617/2021**

Извршителот **Саветка Георгиева** од **Струмица** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **Халк Банка АД Скопје** со ЕДБ 4030993162028 и седиште на ул.Бул.Св.Кирил и Методиј бр.54, засновано на извршната исправа ОДУ.бр.511/14 од 11.11.2014 на Нотар Стевица Јанева, против должникот [redacted] од Струмица со ЕДБ 4027004141733 и седиште на индустриска зона с.Василево бр.351, за спроведување на извршување во вредност [redacted] ден., на ден 15.04.2021 година го донесува следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОДАЖБА НА ПОДВИЖНИ ПРЕДМЕТИ СО УСНО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ
**(врз основа на членовите 108 и 109 од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со усно јавно наддавање на следните подвижни предмети:

1.Комора за замрзнување-ладење 365 м3 (без мотор), производител Фриготехна, Тип/модел-троделна,

**со вредност од 547.500,00 денари,**

која вредност претставува почетна цена за **првото усно јавно наддавање.**

Предметите се оптоварени со следните товари: залог во Заложен регистар.

Продажбата ќе се одржи на ден **27.04.2021 година, во 12,00 часот** во просториите на Извршител Саветка Георгиева од Струмица, ул.Ленинова ГТЦ бр.14/1-13.

Продажбата на предметите ќе се објави во дневниот весник-Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората.

Купувачот е должен да ја положи вкупната цена на предметите, веднаш по заклучувањето на наддавањето, а најдоцна во рок од три дена согласно член 112 став (1) од Законот за извршување.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција, која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на предметот.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр.300030000098247 која се води кај Комерцијална Банка АД Скопје и даночен број 5027006113099.

На понудувачите за предметот чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Предметите што се ставени на продажба може да се разгледаат кај должникот во индустриска зона с.Василево бр.351.

Овој заклучок се доставува до странките, а на учесниците на надавањето по нивно барање.

И З В Р Ш И Т Е Л
Саветка Георгиева

Д.-на: Доверител, Должник

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд Струмица согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.